Број: 0302-60
25.03.2026 година
В е л е с

**Повик за дополнување на референтна листа на експерти**

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР), учествува во спроведување на активности од проектот „Зајакнување на општинските совети – втора фаза (Empowering Municipal Councils – Phase 2)“, финансиран од Швајцарската влада, Министерство за локална самоуправа а ко-финансиран и спроведуван од Програмата за развој на Обединети Нации – УНДП. Проектот има за цел да се продолжат претходно започнатите активности за зајакнување на општините преку зајакнати општински совети, кои се способни ефективно да ги исполнат нивните зададени улоги на претставување, надзор и почитување на општинската легислатива, со вклучување на активни граѓани.

За спроведување на дел од проектните активности, ЗФР има потреба од дополнување на референтната листа за следните експертски позиции

- **Експерт Тип Б – поранешен општински советник**, за **Модул 1 – Општинско добро управување**
- **Експерт Тип Б – поранешен општински советник**, за **Модул 3 – „Подготовка на општински буџети, усвојување и извршување**
- **Експерт Тип Б – поранешен општински советник**, за **Модул 6 – „Финансиска контрола и ревизија“**

По изборот на експерт ќе биде комплетирана референтната листа на експерти.

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР), следејќи ја динамиката на спроведување на проектните активности и потребите од експертиза, со избраните експерти ќе склучи договор во кој ќе се наведе типот, динамиката и обемот на ангажманот, како и максималниот износ на надоместот за ангажманот.

Напомена: За овој повик не се подобни експерти со статус на државни, јавни и административни службеници кои засновале работен однос во органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закони, како и јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија или од општините, од Градот Скопје, како и од општините во Градот Скопје.

Доколку сте заинтересирани, Ве молиме да доставите кратко мотивациско писмо со задолжително наведување на модулот за кој аплицирате, Вашата ажурирана биографија со фотографија и сертификати и препораки за ваш ангажман не подоцна од **16.00 часот на 2 април 2026 год.** на следнава е-маил адреса: zfr.emc2@gmail.com

25.03.2026 год., Велес

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски